Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-252/6
03-05-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 - 252 од 23.3.2023 година, поднесена од [redacted] Скопје за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 28.4.2023 година, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-252 од 23.3.2023 година, поднесена од [redacted] Скопје **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## О б р а з л о ж е н и е

На 23.3.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] Скопје, за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми од страна на новинарот [redacted]

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 28.3.2023 година испрати Известување за произнесување по наводите од претставката заведено под бр. 08-252/2 до адресата на [redacted], како работно место на [redacted].

На ден 5.4.2023 година, до Комисијата пристигна одговор од [redacted] со кој не' информираат дека лицето [redacted] заклучно со 9 март 2023 година, повеќе не работи во [redacted].

Од таа причина, а бидејќи претставката не содржеше доволно податоци за лицето против кое беше поднесена, Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација испрати Барање за доуредување на претставката до подносителот заведено под бр. 08-252/4 од 11.4.2023 година. Со барањето подносителот беше задолжен во рок од 8 дена од приемот на барањето да ја доуреди претставката, во насока што ќе ја наведе личната адреса на лицето против кое ја поднесува претставката.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, **податоци за лицето против кого се поднесува претставката**, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

На ден 25.4.2023 година, по истекот на законскиот рок за доуредување, до Комисијата пристигна одговор од Здружението на граѓани за промоција, издавање, иницијативи и меѓународна соработка ДЕЛО Скопје заведен под бр. 08-252/5. Во одговорот, меѓутоа, претставката не беше доуредена во потребната насока, односно не беше доставена точна адреса на лицето против кого

е поднесена претставката. Следствено на тоа Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката заради неуредност.

Скопје
28.4.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]



ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk